## 1. ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ:

1. Договор за вработување за секој работник(член28)
2. Обезбедување на безбедни работни услови (Чл.42 став1)
3. Проценка на ризик(чл.42 став2)
4. Евиденција за работно време(чл.116 став 6)
5. Електронска евиденција на работно време доколку работодавачот има вработено над 25 вработени (чл.116 став 7)
6. Обврска за исплаќање на плата на работниците (чл.105 и 109)
7. На работникот кој работел над 150 часа подолго од полното раб.време , а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден, во текот на годината, работодавачот има обврска да му исплати покрај додаток на плата и бонус во висина од една просечна плата.
8. За прекувремената работа работодавачот е должен да води посебна евиденција, и прекувремените часови да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот.
9. Издавање на решение за годишен одмор, од најмалку 20 дена
10. Полното работно време не смее да биде подолго од 40 часа неделно

Прекршочни одредби:
Согласно чл.264 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.158 од 9.12.2010 година)
Глоба во износ од 7.000,00 евра на работодавач-правно лице ќе се изрече во следните случаи:
- Не е склучен договор за вработување меѓу работникот, и работникот не е пријавен во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност пред , пред стапување на работникот на работа.
- не обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во согласност со прописите за безбедност и здравје при работа
- не ги штити и почитува личноста идостоинството и приватноста на работникот
- го оневозможува инспекторот за труд во спроведување на надзорот

Глоба во износ од 4.000,00 евра во ден.противвредност ќе се изрече за прекршоците за одговорното лице во правното лице.
Глоба во износ од 5.000,00 евра за погоренаведените прекршоци ќе се изрече за работодавач физичко лице-занаетчија.

Согласно чл.265 од Законот за РО

Глоба во износ од 3.000,00 евра ќе се изрече за прекршок на работодавач-правно лице во следните случаи:
- договорот не се се чува во работните простории на работодавачот и да му биде врачен еден примерок од договорот на работникот;
- склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност;
- склучи договор за вработување со млади лица спротивно на овој закон;
- склучи дог.за вработување со странец кој не ги исполнува условите од овој закон;
- не го запознае работникот со мерките за безбедност и здравје при работа и не го обучи за нивна примена;
- на работникот кој работи со скратено работно време му наложи да работи преку договореното раб.време;
- не обезбеди заштита на правата во случај на пренесување на трговско друштво;
- не обезбеди информирање и консултирање на работниците;
- не исплатил плата и не уплатил придонеси;
- не води евиденција за работно време;
- не го прераспределува раб.време согласно ЗРО, не обезбедува, дневен и годишен одмор;
- не постапи по решението на инспекторот за отстранување на повреда на закон или друг пропис;

Глоба во износ од 1.000,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на одговорното лице во правното лице
Глоба во износ од 2.000,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот за работодавачот-физичко лице

Глоба во износ од 1.000,00 евра ќе му се изрече на работодавач правно лице доколку:
- не ги почитува пропишаните услови за вршење на работа
- објави слободно работно место во спротивност со овој закон
- на инспекторот не му достави примерок од договорот за вработување
- откажувањето на договорот за вработување не е изречен во писмена форма и содржина, согласно со закон и не е врачен;
- склучи договор спротивно на ЗРО

Со казна од 500 евра во ден противвредност ќе биде казнето одговорното лице во правното лице за погоренаведените прекршоци
Со казна во износ од 800 евра ќе биде казнето работодавач-физичко лице за погоренаведените прекршоци

## 2. ОБВРСКИТЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени и тоа преку превземање на мерки, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обуки и обезбедување соодветна организација и потребни средства. Обврските и работите на безбедноста и здравјето работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува. Работодавачот ги спроведува марките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:
- избегнување на ризици;
- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат;
- справување со ризиците на самиот почеток;
- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос накарактеристиките на работното место и работната средина;
- изборот на личната заштитна опрема;
- изборот на хемиските супстанци или препарати;
- изборот на работни и производни методи;
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето;
- прилагодување кон технолошкиот напредок;
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно;
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа технологија, организација на работата, работни услови, маеѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина;
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известување на вработените.

Секој работодавач мора да изготви и спроведе **изјава за безбедност** за секое работно место, прецизирајќи го начинот како и мерките кои треба да се превземат, а ако се променат условите или се појави нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, работодавачот мора да направи нова изјава за безбедност.Изјавата на безбедност се заснова врз идентификација на опасноста и процена на ризиците по безбденоста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност. Начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот се пропишани со **Правилникот за начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот (Сл. Весник на РМ бр.5/09). (глоба во износ од 5000 до 8000 евра во денарска противвредност за правното лице ако не изготви и не спроведе изјава за безбеденост или доколку таа не е изготвена според правилникот, а глоба во износ од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице).**

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:
- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност;
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа;
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- донесување на мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност; (глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност за правното лице и глоба во износ од 500 евра за одговорното лице во правното лице)
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;
- обезбедување на опрема за лична заштита за вработените и нејзина употреба, доколку превземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни;
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и
- следење на здравствената сосотојба на вработените. (глоба во износ од 5000 до 8000 евра во денарска противвредност за правното лице, а глоба во износ од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице).
- работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 18 месеци.
- на секое работно место и во работните простории во кои истовремено работат до 20 вработени најмалку по еден од нив мора да биде оспособен и одреден за давање на прва помош, за гасење пожар, евакуација и спасување, а над овој број на секои 20 вработени најмалку уште по еден.

Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбеност и здравје при работа:
- при вработување;
- во случај на преместување на ново работно место;
- во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и
- во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедност и здравјето при работа. **(глоба во износ од 5000 до 8000 евра во денарска противвредност за правното лице, а глоба во износ од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице).**

Теоретските и практичните обуки за безбедно извршување на работата се спроведуваат во работното време кај работодавачот или на друго место.

Работодавачот е должен во работните и помошните простории во кои се одвиваат технолошките процеси да врши испитување на хемиските, биолошките и физичките штетности, микроклимата и осветленоста. Овие испитувања работодавачот е должен да ги изврши **најдоцна во рок од една година од денот на започнување со работа**, односно по секоја промена на технолошкиот процес, реконструкција на објектот, реконструкција на системот на вентилација, греење и климатизација или по извршената измена на технолошката опрема. **(глоба во износ од 5000 до 8000 евра во денарска противвредност за правното лице, а глоба во износ од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице).**
Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за:
- секој смртен случај;
- колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена и
- секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа. Известувањето покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици. **(глоба во износ од 5000 до 8000 евра во денарска противвредност за правното лице, а глоба во износ од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице).**

Работодавачот е должен да води евиденција за:
- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа;
- извршените прегледи на средствата за работа;
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувања во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата**. (глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице доколку не води ваква евиденција и глоба во инзос од 300 евра за одговорното лице во правното лице).**

Министерот за труд и социјална политика со правилник го пропишува начинот на водење на евиденцијата.

## 3. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ СЕ СЛЕДНИВЕ:

- занаетчијата за да врши занаетчиска дејност треба да биде запишан во регистарот на занаетчии(вршител на зан.дејност од 1.500-2.500 евра, одговорно лице во правно лице 500 евра, занаетчија од 500 до 1000 евра, решение за привремена забрана на вршење на дејност во траење од 30 дена, како и привремено одземање на предмети-стоки со кои е сторен прекршокот)
- на видно место да истакне ценовник на своите производи односно услуги(казна од 1000 евра за вршители на зан.дејност, 200 евра одговорно лице во правното лице, 600 евра казна за занаетчија)
- на видно место да истакне работно време(вршители на зан.дејност 700 евра, одговорното лице во правното лице 100 евра во ден.противвредност, глоба во износ од 400 евра во ден.противвредност за занаетчија)
- да истакне назив на фирма (казна за вршители на зан.дејност 700 евра, одговорното лице во правното лице 100 евра во ден.противвредност, глоба во износ од 400 евра во ден.противвредност за занаетчија)
- да ја пријави промената на седиштето во регистарот на занаетчии вршители на зан.дејност 700 евра, одговорното лице во правното лице 100 евра во ден. противвредност, глоба во износ од 400 евра во ден.противвредност за занаетчија)
- да ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи (казна од 1000 евра за вршители на зан.дејност, 200 евра одговорно лице во правното лице, 600 евра казна за занаетчија)
- да гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за заштита на потрошувачи(казна од 1000 евра за вршители на зан. дејност, 200 евра одговорно лице во правното лице, 600 евра казна за занаетчија)
- да пријави исполнетост на минимално технички услови во пазарниот Инспекторат (вршители на зан.дејност 700 евра, одговорното лице во правното лице 100 евра во ден. противвредност, глоба во износ од 400 евра во ден.противвредност за занаетчија)
- да поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали (казна од 1000 евра за вршители на зан.дејност, 200 евра одговорно лице во правното лице, 600 евра казна за занаетчија)
- да води евиденција за продадените стоки и услуги(казна од 1000 евра за вршители на зан.дејност, 200 евра одговорно лице во правното лице, 600 евра казна за занаетчија)
- својата дејност ја врши надвор од просториите за работа за дејности за кои е задолжително да се вршат во простории за работа (вршители на зан.дејност 700 евра, одговорното лице во правното лице 100 евра во ден.противвредност, глоба во износ од 400 евра во ден.противвредност за занаетчија)
- дејноста ја врши лице кое не ги исполнува условите предвидени во чл. 10 од Законот за вршење на зан.дејност( вршител на зан.дејност од 1.500-2.500 евра, одговорно лице во правно лице 500 евра, занаетчија од 500 до 1000 евра)
- врши занаетчиска дејност што не е означена во решението за работа (вршител на зан.дејност од 1.500-2.500 евра, одговорно лице во правно лице 500 евра, занаетчија од 500 до 1000 евра, решение за привремена забрана на вршење на дејност во траење од 30 дена, како и привремено одземање на предмети-стоки со кои е сторен прекршокот).

## 4. ЗАКОН ЗА ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ОД ДОХОД

- Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на даночниот обврзник, доколку деловните книги ги води неажурно (членови 59 став 1, 61 и 62).
- Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на даночниот обврзник ако:

1)не поднесе даночна пријава, даночен биланс и барање во пропишаниот рок
2)не ги води или неточно ги води деловните книги
3)деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува најмалку пет години
4)приходите не ги остварува преку трансакциска сметка и жиро-сметка кај носителите на платен промет
За прекршоците од ставот (1) на овој член на даночниот обврзник ќе му се изрече и

забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од 15 дена.

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на даночниот обврзник правно лице-исплатувач на приходи, ако:
1) не го пресмета данокот и не го уплати на соодветната сметка
2 исплатата за испорачаната стока и извршените услуги не ја изврши преку и трансакциска сметка и жиро-сметка на обврзникот .
Глоба во износ од 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## 5. ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Глоба во износ од 1.500 до 1.700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок доколку, постапи спротивно на членот 22 став (1) од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку:

- неправилно ја подготви пресметката и уплатата на придонесите ги изврши на погрешен износ .

Глоба во износ од 3.000 до 3.500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку изврши исплата на плата, дел од плата,надоместок од плата,пензија, односно друг паричен надоместок, а не пресмета и уплати придонеси во пропишаниот рок. За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 750 до 900 евра во денарска противредност. За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година.
Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за плаќање на придонеси доколку не достави известување до Управата за јавни приходи дека обврзникот за пресметка и уплата на придонесите постапил спротивно од членот 22 став (2) на овој закон.

## 6. Закон за регистрирање на готовински плаќања:

- работодавачот има обврска да набави фискална каса фискална апаратура
- работодавачот има обврска да води книга за дневни финансиски извештаи.
- должен да склучи договор со овластениот дистрибутер на фискален систем на опрема од кого е набавена опремата.

Доколку се утврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем наопрема за регистрирање на готовинските плаќања, Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник му изрекува привремена забрана за вршење на дејност во деловната просторија каде што е извршена контролата во траење од:
- за даночен обврзник правно лице 30 дена и
- за даночен обврзник физичко лице 15 дена.

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночниот обврзник - правно лице за сторен прекршок ако:
1)на видно место не поставил соопштение со кое го информира купувачот на добро, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка ;
2)не го чува контролниот траг од фискалната сметка во објектот ;
3)не води книга за дневни финансиски извештаи;
4)не закупи и не регистрира резервна фискална апаратура ;

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точки 1, 2 и 3 на овој член.
Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точка 4 на овој член.
Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече наданочниот обврзник - правно лице за сторен прекршок ако:
1) издаде сметка која не ги содржи пропишаните елементи (член 5 став 1);
2) не води итна сметководствена книга за извршениот промет на добра, односно
3) не ги чува и одржува во исправна состојба фискалните апарати (член 14 став 1).
Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член.
Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече наодговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) точки 2) и 3) на
овој член.
Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот (1) точка 1 на овој член.
Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече наданочен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот (1) точки 2)

Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночниот обврзник - правно лице за сторен прекршок ако:
1) не воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања (член 2 став 1);
2) не издава фискална сметка за извршениот промет на добра, односно на услуга
3) не издава парагон блок за извршениот промет на добра, односно на услуга
4) не набави одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања (член 2 став 2);
Глоба во износ од 800 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член
Глоба во износ од 800 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

За прекршоците од член 21-б на овој закон за правното лице може да се изрече привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од 15 дена.
За прекршоците од член 21-б на овој закон за одговорното лице кај правното лице и за даночниот обврзник - физичко лице може да се изрече забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од осум дена.

## 7. Закон за даночна постапка

- Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок ако не учествува во утврдувањето на фактичката состојба согласно со членот 50 ставови (1), (2) и (3) од овој закон. (2) Глоба во износ од 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.
- Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член. (4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.“

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако:
1)не ги чува деловните книги и евиденции согласно со членот 48 став (1) од овој закон и

2)не пријави факти битни за оданочување(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.
(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако: 1) на барање на Управата за јавни приходи не ги дава сите потребни информации, не достави, или не достави на посочено место на увид и проверка на деловните книги и евиденции, деловната документација и други исправи согласно со членот 60 од овој закон; 2) не дозволи да се изврши увид на предмети, простории или земјиште, односно низ нив или преку нив да се помине заради увид (член 64 став(1)); 3) не ги изврши работите од членот 97 став (3) на овој закон: 4) на инспекторот во постапката на контрола не му дава информации и книги, белешки, документи и деловна документација согласно со членот 99 од овој закон и 5) ја оневозможува постапката на присилна наплата согласно со членот 137 став (7) од овој закон. (2) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член. (3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) точки 2,3,4 и 5 на овој член. (4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако: 1) не поднесе пријава за регистрација согласно со членот 38 став (5) од овој закон и 2) не води деловни книги и евиденции согласно членот 45 (став 1) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член. (4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.
(1)Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако во даночната пријава не внесува точни, вистинити и потполни податоци и не ја приложува пропишаната документација согласно членот 53 ставови (3) и (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член. (4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

## 8. Закон за заштита на животна средина- за одредени дејности(автолимари, автомеханичари, столари, и сл)

- изготвување на елаборат за заштита на животна средина
- казна за правно лице доколку нема изготвено елаборат за заштита на животна средина изнесува 3.000,00 евра, за одговорното лице во правното лице 700 евра
- казна за физичко лице односно занаетчија доколку нема изготвено елаборат за заштита на животна средина изнесува 500 евра,
- казна од 200 евра за физичко лице доколку го попречува вршењето на инспекцискиот надзор

## 9.Закон за безбедност на храна-за дејностите поврзани со производство на храна

- обврска за имплементација на ХАСАП во занаетчиски дуќани и фирми кои имаат допирни точки со храна или производство на храна:
- казна во износ од 500 евра за физичко лице кое врши дејност доколку не е регистрирано во Агенцијата за безбедност на храна,
- казна во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за правно лице ако става во промет храна која не е безбедна или ја користи истата во исхрана за животни, наменета за производство на храна, не воведе имплементира и одржува постојана процедура заснована врз анализа на ризик и критични контролни точки, односно ХАСАП принципи и др.

За истиот прекршок со казна од 500 евра ќе се казни одговорното лице во правното лице, а со парична казна од 300 евра ќе се казни занаетчијата за истиот прекршок.
- казна во износ од 5.000 евра ќе се изрече за прекршок на правно лице во следниве прекршоци:увезува и става во промет храна и храна за животни која не е во согласност со законот за безбедност со храна, ги доведува потрошувачите во заблуда во однос на квалитетот на храната, не ги применува мерките за хигиена, произведува производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната кои не се во согласност со правилата за добра хигиенска пракса и Добра производствена пракса.

Со парична казна од 500 евра ќе се казни одговорното лице во правното лице, а со казна од 1.500 евра ќе се казни физичкото лице-занаетчија за истиот прекршок.

## Обврски на златарите - Закон за контрола на скапоцени метали

За предмети од скапоцени метали се сметаат сите предмети од злато, сребро или платина со минимум законски пропишана количина на тој метал во легурата од која е изработен предметот.
Предметите кои се изработени од скапоцени метали (накит, пара, свеќник, сад, очила итн.) и се наоѓаат на пазарот на Република Македонија мораат да бидат означени со:
За предмети од домашно производство над 1 g (3 ознаки):
1. Ознака на финост која претставува трицифрен број и ја означува количината на скапоцен метал во легурата во промили (пр.585 која значи 585 илјадити делови на злато во целокупната легура од која е направен предметот)
2. Знак на производител претставува правоаголник во кој се втиснати две букви (најчесто иницијалите на производителот) и три цифри, пр:АБ123
3. Државен жиг односно жиг за потврда на степенот на финост (облиците на државните жигови за секој скапоцен метал и за секоја финост се дадени подолу).

За предмети од домашно производство под и до 1 g (2 ознаки):
1. Ознака на финост
2. Државен жиг

За предмети од увоз – странско потекло (2 или 3 ознаки):
1. Ознака на финост
2. Државен жиг
3. Незадолжително - Знак на производител кој не мора да е компатибилен со формата на домашниот знак на производител и овој знак може да го имаат предметите од увоз, но и не мора.

Глоба во износ од 1500 до 5000 евра ќе се казни правно лице доколку ги направи следните прекршоци:
1)нема вметнат жиг за степен на финост,
2)предметите кои се пуштаат во промет не се обележани со знак на производител и ознака на финост и ако не се жигосани на начин утврден со овој закон
3)увезените предмети треба да имаат ознака на финост или знак на производител согласно овој закон

Одговорното лице во ТД или ТП за горенаведените дејствија ќе се казни со глоба во износ од 350 до 1000 евра, и со мерка привремена забрана за вршење на дејност во траење од 15 дена. За погоренаведите дејствија судот може да изрече казна забрана за вршење на дејност од една до три години.
Физичките лица занаетчии за горенаведените дејствија ќе бидат казнети со парична казна од 100 до 500 евра.